**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-_____/2**
**04.09.2018 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 13. седница на Советот на**
**Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 04.09.2018 година (вторник), во фоајето на Спомен домот АСНОМ со почеток во 14.00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевски
14. Кристи Стојковски

**Оправдано** отсутен беше Николчо Ситновски.

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Ошштина Делчево, Горан Трајковски и образлагачите на точките:Горан Петровски-Советник за урбанизам, Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо", Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски", Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке"и Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.

Седницата ја отвори и со истата претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево кој за 13.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записникот од 12. седница
на Советот на Општина Делчево

1.Предлог-Одлука за збратимување;

2.Предлог-Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на Општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;

**Образлагач:** По точките 1 и 2- Горан Трајковски-Градоначалник на Општина Делчево.

3.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект барање на Драги Миленски с. Вирче;

4.Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански станбена куќа на Драги

Миленски;

5.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Бранко Синадинов

6.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат гаража на Бранко Синадинов;

7.Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект по барање на Тихомир Ангелов;

8.Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација од плански опфат, помошен земјоделски објект (кочина и просторија за сточна храна) по барање на Тихомир Ангелов;

9.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**,** станбена куќа – по барање на Слободан Десподовски;

10.Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2017/2018;

11.Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2018/2019;

**Образлагач**: Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

12.Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2017/2018;

13.Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2018/2019;

14.Предлог-Одлука за измена на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Образлагач**: Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

15. Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2017/2018;

16.Годишна програма за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2018/2019;

**Образлагач**: Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

17. Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" истиот беше усвоен.

**Прва точка-Предлог-Одлука за збратимување**;

Образложение по оваа точка поднесе Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски кој рече дека Иницијативата за збратимувањето со босанската општина е заедничка на двата градоначалници и произлегува од неколкуте заеднички средби и неодамнешната посета на Горажде од страна на делегација на општина Делчево. Целта е ние како општина да ја продлабочиме соработката со град Горажде, да градиме мостови и

пријателства, освен културна, да создадеме иницијативи и за економска и секаков друг вид соработка. Во оваа прилика би сакал да ве запознаам со спецификите на Градот Горажде кој се наоѓа во БИХ. Градот има 25 илјади жители и овде нема невработени, или невработеноста е од само околу 5%, и малото место Горажде во Босна и Херцеговина е пример за тоа како економијата може да се постави на здрави нозе. Горажде е, веројатно, единственото место, каде што луѓе доаѓаат да живеат, а не си заминуваат. За време на војната во БиХ, оваа општина претрпела огромни штети, но денес таа претставува економско чудо, истакна Трајковски.Тој додаде дека Горажде кое се наоѓа на реката Дрина, денеска е најпожелно место за живот во Босна и Херцеговина и луѓе од целата земја се доселуваат тука и започнуваат нов живот.Од она што го видовме од нашата посета во Горажде и средбите кои ги имавме, ценам дека збратимувањето со оваа Општина за нас ќе претставува чест и, секако, можност да споделуваме искуства, па и да смогнеме сили да ја примениме нивната успешна формула, рече Градоначалникот Трајковски.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за збратимување.

**Втора точка-Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на Општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;**

Оваа точка ја образложи Тони Стоименовски кој истакна дека со оваа одлука се утврдува намената на проектот „Збогатување на туристичката понуда со изградба на пешачки мост на река Брегалница во Делчево". Проектот е поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија, Биро за регионален развој, а по програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година. За реализација на проектот „Збогатување на туристичката понуда со изградба на пешачки мост на река Брегалница во Делчево". вкупниот буџет на проектот е 7. 515. 471,9 денари од кои 65,5% ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година. Општина Делчево како партнер ќе обезбеди 34,5% од буџетот на општина Делчево за 2018 година.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на Општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект барање на Драги Миленски с. Вирче;**

Точката ја образложи Горан петровски кој рече дека оваа одлука е во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-2208 од 02.09.2011 година, од страна на Драги Миленски с.Вирче. Истата се однесува на бесправно изграден објект Помошен објект, означен во елаборат како зграда бр.3 изграден на КП бр. 5532/1 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 1071 и КП бр. 3021 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 667 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат, Советот на Општина Делчево утврди дека за истиот може да се донесе урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на пласкиот опфат и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор,

расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект барање на Драги Миленски с. Вирче.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански станбена куќа на Драги Миленски;**

И оваа точка ја образложи Горан Петровски кој истакна дека одлуката се однесува за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-2207 од 02.09.2011 година, од страна на Драги Миленски с.Вирче, а кое се однесува на бесправно изграден објект, Станбена куќа, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр. 3021 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 667 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат, Советот на Општина Делчево утврди дека за истиот може да се донесе урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на пласкиот опфат и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Бранко Синадинов.**

Горан Петровски истакна дека оваа одлука се однесува на утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Бранко Синадинов.Со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-20 од 15.04.2011 година, од страна на Бранко Синадинов ул.,,Плачковица" 66 Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа, означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. 6003 запишана во имотен лист бр. 10446 КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Бранко Синадинов.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат гаража на Бранко Синадинов;**

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-20

од 15.04.2011 година, од страна на Бранко Синадинов ул.,,Плачковица" 66 Делчево за бесправно изграден објект, Гаража, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр. 6003 запишана во имотен лист бр. 10446 КО Делчево I КП бр. 6088 запишана во имотен лист бр. 1037 КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража по барање на Бранко Синадинов.

**Седма точка-Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект по барање на Тихомир Ангелов;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој рече дека со оваа одлука **с**е утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-522 од 10,08,2011 година, од страна на Тихомир Ангелов ул.,, Иван Милутиновиќ,, бр. 10 Делчево , за бесправно изграден објект , Помошен објект , означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. 8960/1 запишан во имотен лист бр. 1037 КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување во урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект по барање на Тихомир Ангелов.

Осма точка-Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација од плански опфат, помошен земјоделски објект (кочина и просторија за сточна храна) по барање на Тихомир Ангелов;

Во врска со оваа точка, Г.Петровски рече дека откако точката била ставена на дневен ред бил изготвен записник со негативен одговор, односно дека истиот објект не може да се вклопи во УПД.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ПРОТИВ", Советот на општина Делчево **не ја усвои** оваа одлука.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Слободан Десподовски;**

Образложение по оваа точка поднесе Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-26 од 22.01.2018 година, од страна на Слободан Десподовски с. Габрово - Делчево за бесправно изграден објект, Станбена куќа, означен во елаборат како зграда бр.

1 изграден на КП бр. 10476/3 КО Габрово запишана во имотен лист бр. 2139 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Слободан Десподовски;

**Десетта точка-Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2017/2018;**

Образложение по точката поднесе Горан Димитровски-директор на ООУ „Св.Климент Охридски" кој рече дека во 2017/2018 година во училиштето биле запишани 576 ученици, од кои 281 машки и 295 женски,средниот успех е 4,33, доколку има прашања, повелете, рече Г.Димитровски.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучкот за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2017/2018.

**Единаесетта точка- Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2018/2019;**

Образложение по точката поднесе Горан Димитровски-директор на ООУ „Св.Климент Охридски" кој накусо ја претстави личната карта на училиштето, неговата Мисија и Визија, и рече дека доколку некој има некои прашања, тој е спремен да даде одговор.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2018/2019.

**Дванаесетта точка-Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2017/2018;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека овој извештај има нормативна основа предвидена со Законот за основно образование и претставува документ кој ги содржи сите информации за оценка на работата на училиштето. ООУ „В.Прке"-Делчевое централно основно училиште со 2 подрачни училишта. Во учебната 2017/2018 година во ова училиште основно образование завршиле 598 ученици распоредени во 39 паралелки. Во текот на годината 4 ученици дошле во училиштето, а 6 заминале поради промена на местото на живеење. Во врска со успехот на учениците, директорот истакна дека средниот успех на ниво на училиште од 4 до 9 одделение е 4,21, највисок е во петто одделение 4,65, а најнизок во осмо 4,09. Табеларно е даден успехот по одделенија и по предмети. Во врска со изостаноците тој истакна дека во пфросек има 30,03 оправдани и 3,12 неоправдани на ученик. Во извештајпт се дадени

споредбени податоци за изостаноците во последните 3 години, а исто така и податоци за поведението. За ученик на генерацијата во ООУ „В.Прке" е прогласена Марија Мишева, истакна директорот.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА„, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „В.Прке" - Делчево за учебната 2017/2018.

**Тринаесетта точка-Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2018/2019;**

И оваа точка ја образложи Г.Велков кој истакна дека оваа година има промена во Мисијата и Визијата на училиштето.

Мотото на училиштето е:„Училиште со полн потенцијал за напредување", а Мисијата „Училиште со разбирање на учениците-импулс за успешна средина".

Визијата на училиштето е:„Училиште кое создава мотивирачка и поттикнувачка средина за учење и подучување на сите ученици. Сите вработени да бидат професионалци, соработници, но и пријатели. Родителите да ни бидат партнери, а локалната заедница соработник". Тој исто така истакна дека оваа година има промени и во приоритетите и стратешките цели на училиштето.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која го праша директорот дали размислуваат за набавка на училишни униформи бидејќи многу родители се заинтересирани за набавка на униворми за децата и колку би била цената на 1 униформа?

Директорот истакна дека се размислува на таа тема, разговарано е неколку пати со родителите на учениците, но досега не е постигнато заедничко решение. Инаку, што се однесува до униформите, директорот рече дека треба да се набават, но сето тоа мора да се осмисли убаво, станува збор за 620 униформи и треба да се знае дека не може секој да ја набави униформа бидејќи цените се движат од 1350 до 2000 денари.

Катица Трајкова Тасева го праша директорот дали одлуката за набавка на униформи мора да ја донесе Советот на родители?

Директорот рече дека одлуката за набавка на униформи мора да ја донесе Советот на родители.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2018/2019;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;**

Образлагач по точката беше Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека на 11 седница на Советот на Општина Делчево била донесена одлука за давање

согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици. Во истата одлука има потреба за измена која се однесува на комбинираната паралелка во ПУ с.Ѕвегор. Имено, во ПУ „Ванчо Прке", Ѕвегор, комбинираната паралелка треба да биде со I и II одделение, а не со II и III.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Петнаесетта точка- Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2017/2018;**

Образлагач по оваа точка беше Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево кој даде пошироко образложение на Годишниот извештај потенцирајќи го пробелмот со постојаното намалување на бројот на учениците и зголемувањето на бројот на изостаноците. Во врска со намалувањето на бројот на учениците директорот истакна дека тоа не е проблем само на гимназијата во Делчево туку проблем речиси на сите училишта насекаде низ Македонија. Исто така, како голем проблем тој го истакна и проблемот со изостаноците на учениците во последните неколку години. Минатата година биле преземени некои мерки за намалување на изостаноците, позаострени критериуми, заклучување на врата и слично кои иако малку сепак ја подобриле состојбата со изостаноците. Директорот рече дека и родителите треба да преземат мерки за тој проблем бидејќи многу често се случува самите родители да се јавуваат на наставниците (професорите) и да го оправдуваат отсуството на нивните деца. Треба да се разговара и со матичните лекари да не издаваат оправданија без потреба. Тоа се пробелеми за кои често разговараме на родителските средби, но и на родителските средби доаѓаат се помалку родители, па на некој начин и тоа претставува проблем, истакна Прачкоски. Нереалното покачување на оцените на крајот на годината создава лоша слика и дава погрешна претстава за учениците и гимназијата, апелирам до сита наставници и професори да нема нереално покачување на оцени и секоја да го награди квалитетот и трудољубивоста на учениците. Самата гимназија мора да посвети повеќе внимание на квалитетните ученци (кои ги имало отсекогаш и се уште ги иам) наспроти недисциплинираните и недобрите ученици. Проблемите се сложени и затоа треба да се дејствува заеднички, сите фактори (ридители, наставници, локална самоуправа, граѓани) сите треба да дадеме максимален напор за надминување на истите, рече Љ.Прачкоски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Ванчо Велиновски кој го праша директорот на кој начин се поканувaат родителите за родителските средби, лично (писмено) или по учениците?

Директорот Прачкоски рече дека родителите се поканувaат на родителските средби и лично и по учениците.

Билјана Ѓеоргиевска рече дека бидејќи на родителските средби не доаѓаат повеќе родители можеби би било подобро да се повикуваат поединечно и да се раговара со нив, така ефектот би бил подобар.

Љ.Прачкоски рече дека понекогаш се прави и така, но и тоа не дава многу резултат,

станува збор за ученици од социјално загрозени семејства,делуваме заедно со психологот, но изгледа дека не е доволно, рече тој.

Сашко Ивановски го праша директорот дали имаат сознание дека голем број на ученици пушат цигари во училиштето и дали се преземаат мерки од страна на училиштето за спречување на тоа?

Љ.Прачкоски рече дека знаат дека тоа е проблем, пред извесно време биле фатени и ученици со марихуана, се преземаат мерки, за секој ден одреден е дежурен професор, се надеваме дека ќе успееме барем делумно да го решиме тој проблем.

Славица Димитрова праша дали во решавањето на овие проблеми е вклучен и педагогот или само психологот?

Директорот рече дека делуваат заедно, малку претставува проблем тоа што психологот и социологот се со пола работно време, па поголем дел од работата е на педагогот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2017/2018;

**Шеснаесетта точка-Годишна програма за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2018/2019;**

Образлагач и по оваа точка беше Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево кој рече дека Програмата е обемна и не би навлегувал во детали, но би потенцирал неколку работи за кои ќе се залага во текот на годината и тоа:максимална активност на Советот на родители во смисла надминување на сите проблем, проблемот со изостаноци и преземање мерки за намалување на изостаноците во соработка со родителите и матичните лекари, кодекс на однесување и на облекување и на наставници и на ученици. Тој спомна дека оваа година за првпат ќе организираат викенд дружба на учениците од прва година на Голак со цел нивно меѓусебно запознавање, како и запознавање со наставниците. Оваа година се планираат поинтензивни средби со бизнис секторот во општината и соЛокалната самоуправа, доколку има нешто што посебно ве интересира или сакате да прашате, повелете, рече тој.

Катица Трајкова Тасева го праша директорот дали гимназијата има намера да набави униформи за учениците и потенцираше дека навистина треба да се обрне внимание на начинот на облекување, па и однесување и на наставниците/професорите и на учениците.

Директорот рече дека има шанси за набавка на униформи, како училиште размислуваат да набават материјал  во соработка со конфекциите од општината, а учениците од текстилните паралелки на чело со нивните наставници да ги изработат униформите како би заштедиле на средства и како би ја направиле униформата достапна за секој ученик

Сашко Ивановски имаше забелешка на Одлуката за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо" за формирање паралелки со помал број на ученици сметајќи дека гимназијата требало да добие согласнот прво од Министерството за образование и наука.

Директорот рече дека тие како училиште навреме доставиле барање за согласност до

министерството за образование и наука и барањето било доставено на потпис, но бидејќи до денот на одржувањето на седницата не било потпишано, тие контактирале со претсдтавници на МОН и оттаму рекле дека е дадена согласност и дека може да даде согласност и Советот на општината.

Славица Димитрова рече дека на страна 63 има техничка грешка (екстерно оценување во декември) и дека треба да се направи корекција.

Драган Маневски во врска со забелешката на Сашко Ивановски истакна дека Одлуката за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо" за формирање паралелки со помал број на ученици е донесена од страна на Советот согласно Законот за средно образование.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и Одлуката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2018/2019;

**Дванаесетта точка- Прашања и предлози на членови на Совет;**

Во врска со оваа точка некои од советниците рекоа дека не се задоволни од одговорите на прашањата и од тоа што на некои прашања воопшто нема одговори.
Имајќи ја предвид оваа забелешка претседателот на Советот предложи во иднина прашањата и предлозите да бидат на почетокот на седницата на која ќе присуствуваат сите директори и раководители кои би давале одговори на поставените прашања и предлози на члeновите на Советот.
**Билјана Ѓеоргиевска** – член на Советот на општина Делчево рече дека ова прашање е поставувано на 11.седница одржана на 10.07.2018 година и дека добила одговор во смисла дека ќе се преземат мерки, но таа рече дека во врска со ова прашање не е преземено ништо и бара ЈПКД "Брегалница" и Одделението за инспекциски надзор да преземат мерки. Имено,.Во населба Ново Делчево, на местото каде се поставени пумпите за вода, се фрла отпадно железо и при врнежи на дожд сета нечистотија од отпадното железо оди во пумпите. Потребно е надлежниот инспектор да го задолжи ЈПКД Брегалница, местото каде се поставени пумпите да се исчисти и отпадниот материјал да се дислоцира.

2.На пристапниот пат од населба Стар Расадник кон манастирот, каде што има неколку куќи има многу отпад/ѓубре и при врнежи целата нечистотија и дел од ѓубрето се слива во ендекот каде во непосредна близина има чешма, а многу наши сограѓани полнат вода од таму. Барам надлежниот инспектор и ЈПКД „Брегалница" да преземат мерки за чистење на отпадот.
**Сашко Ивановски и Драган Маневски**
1.Дали е постапено по барањето на Стефан Стоичов за изградба на крак од атмосферска канализација на ул.„Григор Прличев" каде има проблем со мешање на атмосферската и фекалната канализација?
**Дејан Георгиевски**
**1.**До каде е постапката по барање на група граѓани од ул. „Лика Чопова" за изградба на сквер?

Со исцрпувањето на Дневниот ред за 13.седница, истата заврши со работа во 15.40 часот.

**Записникот го водела** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Маневски**

**Снежана Трајкова**